Бр. 12-2395/3
16-08-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,) и член 6, член 21 став 1 и 2, член 26 и член 38 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава/известување поднесена од подносителот Директор на ОУ ---------------------------------------- на 12.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 21-тата седницата одржана на 12.08.2019 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата/Известувањето поднесена од подносителот Директор на ОУ ----------------------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2395/1 од 12.04.2019 година, со што ја известува ДКСК дека било вработено друго лице- наставник по биологија на итни и неодложни работи за време на изборниот период 2019 година, заради одржување на дел од часовите по наставниот предмет биологија поради тоа што наставникот кој ја одржувал наставата по овој наставен предмет со Наод и мислење на Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија И.бр. 53226 од 27.02.2019 година му е одобрено скратено работно време во ОУ “Никола Вапцаров” Скопје, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2389/1 од 11.04.2019 година.

Предметот со број 12-2389/1 од 11.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2395/1 од 12.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава /известување поднесена од познат подносител - Директор на ОУ -------------------.

Во пријавата/ Известувањето се известува ДКСК дека било вработено друго лице-наставник по биологија на итни и неодложни работи за време на изборниот период 2019 година, заради одржување на дел од часовите по наставниот предмет биологија поради тоа што наставникот кој ја одржувал наставата по овој наставен предмет со Наод и мислење на Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија И.бр. 53226 од 27.02.2019 година му е одобрено скратено работно време во ОУ ----------------------------------.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

По разгледување на наводите содржани во пријавата и доставените прилози, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на сомневање за корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што надлежна е да постапува Државната комисија за спречување на корупцијата. Предметната пријава не упатува на сомневање за коруптивно дејствување на службени лица, ниту посочените дејствија можат да се подведат под сомневање за дејствија за кои е надлежна да постапува Државната комисија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 12.08.2019 година по број 12-2395/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk